ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 2/2023



# УВОДНИ СТИХОВИ

*Сабота, 1 април 2023*

## БОГ ТЕМЕЛНО ГО МЕНУВА ЧОВЕКОТ

**„Но едно правам: го заборавам она што е зад мене, а се стремам кон она што е пред мене, трчам кон целта - кон наградата на горното призвание од Бога во Исус Христос... Следете го мојот пример, браќа, и гледајте ги оние што живеат според образецот што го имате во вас“ (Филипјаните 3,14.17)**

Во сликата позната под името „Алегорија на мудроста“, Тицијан, венецијански сликар од 16 век, ја насликал *Мудроста* како човек со три глави. Едната глава претставува момче кое гледа кон иднината, другата е слика на возрасен човек кој гледа во сегашноста, а третата е стар мудар човек кој го набљудува минатото. Над нивните глави Тицијан напишал: „Од примерите на минатото, човекот мудро се однесува за да не згреши во иднината“.

Нам ни е потребна ваквата мудрост за да можеме да ги совладаме тешкотиите поради грешките што сме ги направиле во минатото и истите да не ги повториме во иднина, а ни помага да се соочиме со тешкотиите и стравот кои нè задржуваат уште сега да живееме исполнет животот кој ни е даруван.

„Браќа, јас уште не мислам дека го достигнав! Но сепак правам едно: го заборавам она што е зад мене, а се стремам кон она што е пред мене; трчам кон целта: за наградата на горното призвание од Бога во Христа Исуса“ (Филипјаните 3,13.14). Тоа не значи дека го избришал сеќавањето на минатото, туку Павле бил ослободен од секаква вина или гордост која можел да ја чувствува поради минатите постапки, бидејќи Бог му простил. Таквиот став го оспособил да живее во сегашноста, но и да каже дека „трчам кон целта - кон наградата на горното призвание од Бога во Исус Христос“ (стих 14). Го поттикнувала само една желба, што подобро да го запознае Исуса Христа.

Да го искористиме овој саботен ден и повторно да се посветиме на Господа Исуса Христа, зашто Тој ќе нè оспособи да живееме исполнет живот во сегашноста додека стекнуваме мудрост од минатото и храбро да се соочуваме со иднината.

*Сабота, 8 април 2023*

## ЗАРОБЕН ВО ТЕМНИНАТА

**„Со сиот глас викам кон Господа, со сиот глас му се молам на Господа. Ги излевам пред Него моите поплаки, ја изнесувам пред Него мојата мака. Ако мојот дух изнемошти во мене, Ти го знаеш мојот пат. На патот, по кој минувам, потајно ми поставија примка. Ако се свртам надесно и погледам: никој не знае за мене. Нема каде да избегам, никој не се грижи за мојот живот. Господи, кон Тебе извикувам; зборувам: 'Ти Си мое прибежиште, Ти Си мој дел во земјата на живите. Послушај ги моите извици, зашто сум многу понижен. Избави ме од моите гонители, зашто се посилни од мене. Изведи ја од темница мојата душа, да Му заблагодарам на Твоето име. Праведници ќе се соберат околу мене, заради доброто што ми го укажа мене'“ (Псалм 142).**

Давид се чувствувал како затворен во темнина и неговиот крик одекнува по некогаш и во нашите срца: *„Изведи ја од темница мојата душа, да Му заблагодарам на Твоето име.'“* „Давид си отиде оттаму и се засолни во пештерата Одолам. А кога го чуја тоа неговите браќа и сето негово семејство, слегоа онаму при него“ (1. Самоилова 22,1). Го прогонувале непријателите и имал многу неволји. Притиснат од тешките околности и вознемирен од опасностите, му се обратил на Бога за помош.

* Давид бил преплашен, па својата мака ја излеал пред Бога (3 стих).
* Се чувствувал осамено, незгрижено и несигурно, па повикал кон Бога (1. Самоилова 2,5-6).
* Околностите станале очајни, и се молел Бог да го избави (6 стих).
* Давид бил во темнина, па се молел за избавување (8 стих).

Во каква темнина денес се наоѓате вие? Дали тоа е темнина на очај поради жалост или болест? Дали тоа е темнина обвиена со многу тешкоти поради погрешни одлуки? Дали сте заробени во таа темнина поставувајќи безброј прашања и сомнежи поради кои сте лишени од радоста и надежта во Бога?

Еве што направил Давид кога се нашол заробен во темнина. Го молел Бога за милост, барал засолниште во Него и ветил дека својата слобода ќе ја употреби за да го прослави Бога. И, на крај, однапред гледал кон утехата од страна на оние кои ја имале истата вера во Бога како и тој.

По крикот настапила вера. По очајната состојба дошло славењето и благодарењето. Заедништвото дошло по осаменоста. Можеме многу да научиме од „човекот во темница“. Бидејќи, кога маките изобило се множат, изобилува и Божјата милост.

*Сабота, 15 април 2023*

## ДА ЈА ИЗГРАДУВАМЕ НАШАТА ВЕРА

Ве поздравуваме со срдечно добредојде сите вас кои дојдовте денеска во Господовиот дом!

Карактеристично за последите денови од историјата на оваа земја ќе биде тоа што ќе има недостаток на вера кај луѓето. Бог знае дека борбите на оваа земја не се лесни. Но, исто така ни дал и ветување дека ќе ни помогне да ја одржиме и да ја зајакнуваме нашата вера во Него.

Како да ја зајакнеме нашата вера? Некои луѓе сметаат дека ќе ја зајакнат својата вера ако се натераат себеси да веруваат во нешто необично или дозволуваат да западнат во неволји, а потоа се обидуваат да веруваат дека Бог ќе им помогне.

Иако Бог има илјадници начини како да одговори на нашите потреби, сепак Тој може да одговори на начин на кој не сме ни помислиле. Можеби очекуваме некој друг одговор, но тоа се постигнува кога сме во допир со Божјата реч.

**Римјаните 10,17: „И верата доаѓа од слушање, а слушањето - од словото Божјо“.**

Кога доаѓаме во допир со Божјата реч, ние доаѓаме во допир со личност - со Исуса Христа. Додека дознаваме сѐ повеќе за него, почнуваме да ја зајакнуваме спасоносната врска со него. Без таа врска не може да постои вистинска вера. Верата е доверба во некого. Во моментот кога се развива верата, мора да постојат две лица. „Верата е доверба во Бога“, се вели во книгата Воспитување.

Дали сакаме да бидеме луѓе со таква вера? Да, сигурно дека сакаме. Колку повеќе се доближуваме кон крајот на овој грешен свет, ние треба уште поревносно да го проучуваме Светото писмо. Да дојдеме денес со доверба пред Бога и да му дозволиме да ни проговори преку неговата Реч и да ја зајакне нашата вера.

*Сабота, 22 април 2023*

## НЕКА СЛУШНЕ ЦЕЛИОТ СВЕТ

**„И им рече: ’Одете по целиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание!’“ (Марко 16,15).**

Фриц Крајслер (1875-1962), познат светски виолинист, заработил богатство на своите концерти и настапи, но великодушно подарувал поголема сума од својата заработка. Затоа, кога на едно патување открил една популарна виолина, немал доволно пари да ја купи.

Кога по некое време собрал доволно пари за да ја купи, се вратил кај трговецот надевајќи се дека ќе му го продаде тој прекрасен инструмент. За жал, виолината веќе била продадена на некој колекционер. Крајслер отишол кај колекционерот и го замолил да ја откупи виолината. Колекционерот му рекол дека не сака да ја продаде бидејќи таа виолина ја смета за свое најголемо богатство.

Разочаран од таквиот одговор, Крајслер веќе тргнал накај својот дом, кога се досетил на нешто паметно: „Може ли да отсвирам нешто на таа виолина барем еднаш пред да ја сместите во кутијата на тишината?" Сопственикот на виолината му дозволил да свири и цела куќа се исполнила со прекрасните звуци кои ги произвел мајсторот на прекрасната виолина. Сопственикот на виолината бил воодушевен од музиката и рекол: „Немам право да ја задржам оваа виолина само за себе, ваша е господине Крајслер. Земете ја и дозволете луѓето да го слушнат нејзиниот звук од вашите раце".

За грешниците спасени со Божјата милост, радосната вест е како прекрасна небесна музика. Немаме никакво право да ја држиме само за себе. Исус Христос ни порачал таа Радосна вест да ја пренесуваме во целиот свет за да можат сите луѓе да слушнат и да се спасат. Нашето лично искуство нека биде сведоштво во светот.

*Сабота, 29 април 2023*

## БОГ НИ ПРОШТАВА

**„А ако, пак, во светлина одиме, како што е Тој самиот во светлина, тоа значи дека ние еден со друг имаме заедништво, и крвта на Исус Христос, Неговиот Син, нѐ очистува од секаков грев. Ако кажеме дека немаме грев, се лажеме сами себе, и вистината не е во нас. Ако ги исповедаме гревовите свои, Тој е верен и праведен за да ни ги прости гревовите и да нѐ очисти од секаква неправда" (1. Јованово 1,7-9).**

Искрено и срдечно ве поздравувам драги браќа и сестри. Денес одново доаѓаме да се сретнеме со Бога. Ние, грешни и несовршени суштества доаѓаме пред совршениот и семоќен Бог. Колку е тоа прекрасно.

Сите ние по природа сме грешни - родени сме такви - и ние никогаш не можеме да се спасиме самите себе. Исаија 64,6 вели: „Сета наша правда е како нечиста облека.“ Овде станува збор за нашата праведност. Нашата праведност без Христа не вреди повеќе од една изветвена, нечиста облека.

Ако сакаме да дадеме добар род, ако сакаме да оствариме вистинска праведност во нашиот живот, мора да ја црпиме од вистинскиот извор. Еремија 23,6 вели дека Господ е наша правда. Тој е единствениот извор на вистинска праведност. Кога доаѓаме пред него со вера во Христовата пролеана крв за нас, ние пристапуваме сигурни дека Бог во нас ја гледа неговата праведност во замена за нашата грешност. Ние денес доаѓаме пред Тој Извор на праведност, да се наситиме, но и да дозволиме да ја измие нашата душа, да нè очисти од секоја неправда, и така чисти да пристапуваме пред совршениот и свет Бог.

Затоа денес можеме заедно да ја пееме песната бр. 123 - „Чист како снег“.

*Сабота, 6 мај 2023*

**Достоен да биде обожаван**

**„Возвишувајте Го Господа, нашиот Бог, поклонувајте се пред Неговото подножје. Тоа е свето“ (Псалм 99,5).**

Додека Мојсеј го чувал стадото овци на својот дедо во пустината, вниманието му го привлекла една чудна појава. Горела грмушка, но никако да изгори до крај. И кога Мојсеј внимателно погледнал што се случува, Бог му рекол: „‚Не приближувај се наваму!‘ ... - ‚Собуј ги обувките од нозете! Зашто местото на кое стоиш е света земја‘“ (2. Мојсеева 3,5).

Исус Навин, Мојсеевиот помошник доживеал слично искуство кога му пристапувал на водачот на Господовата војска. Кога дошол поблизу, ја чул заповедта: „А предводникот на Господовото воинство му одговори на Исуса: ’Собуј ги обувките од своите нозе, зашто е свето местото на кое што стоиш’. И Исус направи така“ (Исус Навин 5,15).

Искуствата на Мојсеј и Исус Навин се пораки упатени и до нас дека светиот Бог бара да го почитуваме и славиме Неговото име. Вистина, охрабрени сме, и затоа „да пристапуваме смело кон престолот на благодатта, за да примиме милост и за да најдеме благодат, за помош, во

време на потреба“ (Евреите 4,16). Можеме да дојдеме во Божјата присутност со надеж дека Исус ни го отворил патот и со својата смрт и воскресение ни овозможил да дојдеме пред Бога. Меѓутоа, кон Бога никогаш не треба да пристапуваме несоодветно. Никогаш не смееме да го обезвредиме Неговото свето име.

Нашиот небесен Татко не е некој „погоре на катот“ што го повикуваме само тогаш кога ќе ни затреба. Тој е Господ Бог, единствениот кој е над сѐ и над сите. Поради Неговата величественост и светост, мораме да Го воздигнуваме во нашето прославување. Тој е единствен вистински Бог, достоен и вреден искрено да го обожаваме и славиме. И затоа, денес Му ја оддаваме сета чест и почит.

*Сабота, 13 мај 2023*

## СЕ БАРА...

**„Тогаш Исус им рече на Своите ученици: „Ако некој сака да врви по Мене, нека се одрече од себеси и нека го подигне својот крст и нека Ме следи“ (Матеј 16,24).**

Еден чуден оглас во дневник, кој имал голем одзив меѓу читателите, бил оној од почетокот на 20. век објавен во лондонските весници. „Се бараат мажи за опасно патување. Мала плата, голем студ, долги месеци во целосен мрак, постојана опасност. Враќањето дома е неизвесно“. Тој оглас го објавил Ернест Шеклтон, познат истражувач на Јужниот пол.

Кога многумина се јавиле на тој оглас, Шеклтон рекол: „Ми се чини дека сите мажи во Велика Британија се подготвени да ми се придружат на овој истражувачки поход.

Тие негови зборови ме потсетуваат на Исусовите зборови запишани во Евангелието според Матеј 16,24: „Тогаш Исус им рече на учениците Свои: ‚Ако некој сака да врви по Мене, нека се одрече од себе, нека го земе својот крст и нека Ме следи‘“. Исус Христос ги повикува луѓето да тргнат со Него на опасно патување, на патот кон крстот. Тој повик го упатил откако им рекол на своите ученици дека оди во Ерусалим, каде ќе биде мачен и убиен.

И во текот на вековите, илјадници луѓе се јавиле на Исусовиот повик, откажувајќи се од сѐ што е овоземско - за да го следат Него. Но, спротивно на поларното истражување, кое еднаш се завршило со освојувањето на Јужниот пол, Исусовото дело оди понатаму и повикот сѐ уште

важи. Се бараат доброволци кои ќе се јават. Исус и понатаму ги повикува оние кои сакаат да Го следат и служат во ширењето на Радосната вест на паднатото човештво, колку и да ги чини тоа во нивниот живот.

Дали и вие се јавивте на тој Исусов повик?

Ниеден повик не се слуша јасно среде бура од омраза и страв, бидејќи Исус преку нас сака да ја искаже својата љубов и да му понуди спасение на светот. А конечната плата ќе биде неспоредливо поголема од онаа што кој било друг опасен пат би ја понудил.

*Сабота, 20 мај 2023*

## ДОЈДЕТЕ КАЈ МЕНЕ!

**„Исус им рече: 'Јас Сум Лебот на животот; кој доаѓа при Мене нема да огладни и кој верува во Мене нема никогаш да ожедни'" (Јован 6,35).**

Кога Исус одел по земјата, ги повикувал луѓето да дојдат кај Него. Тој тоа го прави и денес. Кога Исус нè повикува, што ни нуди Тој?

**Спасение**. Исус е единствениот пат преку кој можеме да постигнеме проштавање на гревовите и да примиме ветување дека ќе бидеме со Него на небото - „та секој, кој верува во Него да не загине, но да има вечен живот" (Јован 3,16).

**Цел во животот**. Мораме да го предадеме сето свое битие, ум и сила за да го следиме Исуса. „И го повика народот, заедно со Своите ученици и им рече: '„Кој сака да врви по Мене, нека се одрече од себе, и нека го земе крстот свој и нека оди по Мене'" (Марко 8,34).

**Утеха**.  Благословен Бог и Таткото на нашиот Господ Исус Христос, Татко на милосрдноста и Бог на секоја утеха. Кој нè утешува во секоја наша неволја, за да можеме и ние да ги утешуваме оние, кои се наоѓаат во каква и да е неволја, со утехата со која Бог нè утешува нас самите" (2. Коринќаните 1,3.4).

**Мудрост.** Потребна ни е мудрост која ја надминува нашата човечка за да донесеме мудри одлуки. „Ако некому од вас му недостига мудрост, нека ја моли од Бога, Кој им дава на сите изобилно и без укор - и ќе му се даде" (Јаков 1,5).

**Сила.** Кога сме уморни и исцрпени „Господ му дава сила на Својот народ, Господ го благословува Својот народ со мир" (Псалм 29,11).

**Живот во изобилство.** Исполнетиот живот доаѓа од личниот однос со Исуса Христа. „Крадецот влегува само да украде, да заколе и да погуби. Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат изобилно“ (Јован 10,10).

Исус рекол: „Сè што Таткото Ми дава ќе дојде при Мене, а оној кој доаѓа при Мене нема да го исфрлам“ (Јован 6,37). Бог нека нè благослови и денешниот ден повторно да нè увери дека вратата на Божјиот дом и понатаму е отворена за секој кој сака да го послуша Неговиот глас.

*Сабота, 27 мај 2023*

## ДОЈДЕТЕ КАЈ МЕНЕ!

Ве поздравувам ова утро, сите вас браќа и сестри, кои сте дошле во Божјиот дом, желни да најдете одмор. Заедно со апостол Петар посакувам **„благодатта и мирот да ви се умножи во познавањето на Бога и Исуса нашиот Господ“ (2. Петрово 1,2).** Ние, кои сме го запознале Исуса, можеме да напредуваме во вистината. Колку повеќе го запознаваме толку поголем станува нашиот мир во срцето. Исус денес нè повикува: „Дојдете кај мене сите кои се трудите и сте обременети, и јас ќе ви дадам одмор”. Ако си денес оптоварен или оптоварена, ако имаш некој страв или каква било грижа, Исус те повикува: Дојди!

Кога сме некаде повикани, обично одиме таму, но секогаш одново се враќаме назад во нашиот дом. Но, кога Исус нè повикува, Тој очекува да дојдеме кај него и да останеме таму. Овој повик го вклучува нашиот целокупен живот. Кога ќе одговориме на него, кога ќе останаме прилепени за Христа, за неговите ветувања, нашиот мир ќе биде постојан, какви бури и да надојдат во нашиот живот. Денес да одговориме на неговиот повик да дојдеме кај Христа, и благодатта и мирот нека се умножат во вашите срца.

*Сабота, 3 јуни 2023*

## НОВА СИЛА

Нов ден; саботен ден. Саботни благослови ви посакувам драги браќа и сестри. И ова утро нашиот поглед го насочуваме кон Оној кој е извор на животот. Дојдовме овде затоа што сакаме да добиеме нова сила што сам Бог ја подготвил за нас. Нам, кои живееме на оваа веќе изветвена

планета, толку многу ни е потребно такво освежување. Во Откровението ги наоѓаме Божјите зборови: „Ете правам сè ново“.

На многумина вечноста им се чини далечна. Тие велат, овде ни е добро и сакаме да уживаме во животот. Но, откако ќе се соочат со таги, проблеми, страдања, маки, смрт, нивниот став се менува. Тогаш почнува да се јавува копнеж за Бог да промени нешто на овој свет.

Многу скоро и ќе имаме нова земја, ново небо и ново тело... Но, и тогаш ќе доаѓаме пред Бога да го прославуваме; но знаете, таму нема да има храм. Да, затоа што Јован ни кажува дека не видел храм на небото бидејќи сам Бог ќе биде наш храм.

Ова утро со вера да ги прочитаме вдахновените зборови од Откровението на апостол Јован 21,3-5: „И чув висок глас од небото како зборува: ‚Ете го светиот шатор, светилиштето на Бога меѓу луѓето, и Тој ќе живее со нив; тие ќе бидат Негов народ, а Сам Бог ќе биде со нив - нивниот Бог.  И ќе ја избрише Бог секоја солза од очите нивни, и смрт нема да има веќе; ни плач, ни пискот, ниту болка нема да има веќе, бидејќи поранешното помина.‘ И Седнатиот на престолот рече: „Ете, сè ново создавам.‘ И ми рече: ‘Напиши, зашто овие зборови се вистинити и верни.‘“

Бог нека ни помогне да се најдеме во тоа мноштво кое нашло утеха во него, чиишто солзи сам Бог ги брише, чии таги, плач болка сам Бог ги отстранил. Да, ново ќе биде и тоа што нема да има повеќе смрт, зашто првото ќе помине и новото ќе настапи.

Овие ветувања ни даваат и нов духовен копнеж, нова сила со која можеме да чекориме на патот кон Новата земја.

*Сабота, 10 јуни 2023*

## ДВИЖЕЊЕ БЕЗ ПАТОКАЗ

Ве поздравувам мили браќа и сестри. Му благодариме на Бога што денес слободно можеме да дојдеме во неговиот дом. Тука ние ја примаме божествената светлина. Во Јован 9,5 Исус рекол: „Јас сум Светлина на светот.“ Како христијани уживаме голема радост што можеме да ги собираме зраците на светлината што зрачат од Христа. Тие зраци го осветлуваат не само нашиот пат, туку стануваат светлина и за патеките на оние со кои се дружиме.

„Вие сте светлината на светот“, во една прилика им рекол Исус на своите ученици. И како што сонцето оди на својата патека по небото, растерувајќи ги сенките на ноќта и исполнувајќи го светот со блескот,

така и Христовите ученици мора да ја одразуваат неговата светлина која ќе ја избрише моралната темнина на светот паднат длабоко во грев.

Во овој свет саботен ден ние примаме божествена светлина од Христа. Дали ќе им ја пренесеме на луѓето околку нас, зависи од тоа дали ќе дозволиме таа најнапред да ја растера темнината од нашето срце, за да може несметано да светли за другите. Ако денес има некоја темна точка во вашата душа, дозволете Христовата светлина да ја отстрани. Да дозволиме денес да станеме светлина за светот, така што на ова богослужение ќе ја примиме ние самите Светлината што Бог милостиво ни ја нуди.

*Сабота, 17 јуни 2023*

## Најголемиот дар на Небото

Срдечни поздрави ви посакувам драги браќа и сестри, драги пријатели. Ова утро сме собрани ние како пријатели едни со други, здружени во Христовата љубов, да го прославиме оној кој прв нас нѐ повикал да бидеме пријатели во неговото име. Во Јован 15,15.16 Исус нас нѐ нарекува негови пријатели: **„...а вас ве нареков пријатели, зашто ви соопштив сѐ што чув од мојот Татко. Вие не ме избравте мене, туку јас ве избрав вас да одите и да донесувате плод и вашиот плод да остане, и мојот Татко да ви даде сѐ што ќе посакате во мое име.“**

Предност е да се има Исус за свој пријател. Замислете некој, кој е многу познат, уважуван и ценет во вашата средина вас, да ве нарече пријател. Кога Исус нас нѐ нарекува пријатели, тоа е посебна чест. Тоа е поради извонредниот факт дека Христовото пријателство кон нас направило да не се најдеме ние таму на крстот, да не ги поднесуваме ние тие крвави и крајно страшни страдања за секој наш грев, туку Тој, нашиот најдобар пријател застана наместо нас и ја испи наместо нас чашата на гневот. Тој, невин, пострада за нас грешниците.

И ете, сега е жив нашиот вечен пријател и ние можеме во негово име да бараме од Таткото сѐ што ќе посакаме. Денес сакаме Тој да ги исполни нашите срца со желба да бидеме вистински пријатели, како што бил Тој и да покажуваме вистинско пријателство еден кон друг.

*Сабота, 24 јуни 2023*

## ДА МУ ЈА ВОЗВРАТИМЕ НА БОГА ЉУБОВТА

**„Ве засакав, вели Господ, а вие прашувате: 'Во што си покажал љубов кон нас?'" - (Малахија 1,2).**

Книгата за пророкот Малахија почнува со овие искрени зборови кои Бог му ги упатува на својот рамнодушен народ: „Ве љубам, вели Господ"! Иако Израел долго бил предмет на Божјата љубов, не ја возвраќал таа љубов. Бог ги набројувал начините на кои Неговиот народ низ непослушност ја отфрлал понудената љубов. Израеловиот одговор бил поставување прашање на Бога. Кога ги молел да Му се вратат: „Вратете се кај мене и јас ќе се вратам кај вас", тие Му го поставувале прашањето во својата неразумност: „Како да се вратиме?" (3,7). Во својата љубов Бог им укажал на многу пропусти. Го направил тоа за да можат се покаат и да ја прифатат Неговата љубов, и да Му се вратат со искрена послушност.

И ние понекогаш кон Бога доаѓаме со половина срце, бидејќи се однесуваме како да го сакаме Бога, да Му служеме, но во суштина се љубиме самите себеси и своите лични интерси. И денес, како и во времето на пророкот Малахија, Бог бара луѓе кои ќе Го почитуваат со тоа што ќе направат две работи: „Но оние, кои се бојат од Бога, си велат еден на друг: Господ гледа и го пази тоа, и пред лицето Негово се пишува спомен книга за оние што се плашат од Бога и го почитуваат името Негово" (Малахија 3,16). Првото нешто е заедништвото со Божјиот народ, а второто е заедништвото со самиот Бог. Не само што ќе ја примиме и ќе ја делиме Божјата љубов со другите, туку и ќе Му возвратиме со радосна послушност. Таквите почитувачи се Божја „сопственост" (Малахија 3,17). Дали и ние припаѓаме меѓу таквите? Дали и ние негуваме заедништво со Бога и заедништво со другите?


**ГРАДИВО 2/2023**

**Уводни стихови**

Излегува тримесечно

**Издава:**

Управниот одбор на Христијанската
адвентистичка црква во Р. Македонија

**Подготовка:** Мелита Томовска

**Одговара:** Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**